Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-170/3
13 02 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 13.02.2020 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти – апсолвенти на прв циклус на студии**

I. По барање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје заведено под бр. 09-9/80 од 31.01.2020 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти – апсолвенти кои студираат на прв циклус на студии, со административен надомест од 1.000,00 по испит.

II. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат евидентирано (Е-2) VI (шести) семестар за учебната 2019/2020 година и кои имаат само 1 (еден) испит до завршување на студиите од прв циклус.

III. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 20 до 26 февруари 2020 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

IV. Студентите кои ќе полагаат испит во дополнителната испитна сесија се должни да достават пријава за испит во Службата за студентски прашања на Факултетот во период од 17 до 19 февруари 2020 година.

V. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, интернет страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VI. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН,

Проф.д-р Горан Коевски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет Јустинијан Први
Република Северна Македонија
СКОПЈЕ